ЈП ДЕПОНИЈА ДРИСЛА СКОПЈЕ

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД ДРИСЛА СКОПЈЕ
NDËRMARRJA PUBLIKE PËR DEPONIMIN E MBETURINAVE KOMUNALE DRISLLA SHKUP
Бр./Nr. 31 - 499/4
09.04.2024 год.
СКОПЈЕ / SHKUP 1

# РЕШЕНИЕ

На 29.03.2024 година, во ЈП депонија Дрисла Скопје по електронска пошта пристигна Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на , со наш арх бр.31-499/1 од 29.03.2024 година.

Постапувајќи по законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како одговорно лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на добиените информации од Одделението за животна средина, управување со отпад и контрола на отпад, Ви доставуваме одговор на Вашите прашања, и тоа:

1. **Колку услуги односно документи издава Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад „Дрисла"-Скопје за граѓаните и правните лица, да ги наведете таксативно сите услуги односно документи и кои услови и критериуми се потребни за секоја услуга односно документ поединечно?**

- ЈП депонија Дрисла Скопје е единствена санитарна депонија на територијата на Р.С.Македонија која работи согласно А – Интегрирана еколошка дозвола издадена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање. Во самата дозвола се наведени сите видови на отпад по шифри кои депонијата Дрисла може да ги прима и соодветно третира на депонијата. Дозволата е јавно објавена на веб страната на претпријатието и на МЖСПП, а во прилог на овој одговор Ви го доставуваме делот од дозволата со шифри на отпад за кој депонијата Дрисла има дозвола да ги прима и третира.
- За да може да се прими и третира отпад создаден од страна на правни лица на депонијата Дрисла потребно е заинтересираната странка (правното лице) да пополни и достави Барање за склучување на договор (од www.drisla.mk), а во прилог на истото да достави и Тековна состојба на претпријатието и Дозвола за транспорт на отпад издадена од МЖСПП (за неопасен отпад) или Министерство за транспорт и врски (за опасен отпад).

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје, Р. С. Македонија.
Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk
Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: MK4080009506800

- При приемот на отпад странката на претходно закажан термин за уништување на отпад со Барање, треба да достави и уредно пополнети Идентификационен и Транспортен формулар (од www.drisla.mk), а по потреба за специфичен вид на отпад и лабораториска анализа од акредитирана лабораторија.
- По извршеното третирање на отпадот и платена фактура, странката (правното лице) покрај кантарска белешка добива и Записник за уништен отпад.
- За прием на отпад чиј создавач е физичко лице и врши еднократно уништување на отпад, не е потребно склучување на договор, а за уништувањето на отпадот добива кантарска белешка и на лице место се врши плаќање за услугата, за што добива фискална сметка.

Повеќе информации во врска со услугите на ЈП депонија Дрисла Скопје може да видите на веб страната на претпријатието www.drisla.mk или да се обратите на телефонските броеви наведени на истата.

Изработил

-----------------------------------------------

**Дијана Ж.Велјаноска**

Одговорно лице за посредување при давање

на информации од јавен карактер

Јавно претпријатие за депонирање на комунален отпад ДРИСЛА Скопје
Официјална адреса: Бул. Илинден бб, 1000 Скопје, Р. С. Македонија.
Седиште на адреса: с. Батинци, П. Фах 34, 1050 Скопје,
Р. С. Македонија.

Телефон: 02/ 2722 400
Факс: 02/ 2744 449
www.drisla.mk
drisla@drisla.mk

Број на сметка: 300 0000033841 72
Комерцијална банка АД Скопје
ЕМБС: 6533191
ЕДБ: МК4080009506800